УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2022

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 2

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969
DOI https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2022

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2022

ГОДИНА 2 VOLUME 2

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

| ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS |
|---|---|

**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.

| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков (Р.С. Македонија) | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров (Р.С. Македонија) | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров (Р.С. Македонија) | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска (Р.С. Македонија) | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева (Р.С. Македонија) | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев (Р.С. Македонија) | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески (Р.С. Македонија) | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски (Р.С. Македонија) | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов (Р.С. Македонија) | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова (Р.С. Македонија) | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков (Р.С. Македонија) | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова (Р.С. Македонија) | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова(Р.С. Македонија) | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески (Р.С. Македонија) | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова (Р.С. Македонија) | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска (Р.С. Македонија) | Biljana Conevska Gunjovska, PhD |
| Доц.д-р Христина Серафимовска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Hristina Serafimovska, PhD |
| Проф.д-р Слаџана Стојановска (Р.С. Македонија) | Prof. Sladzana Stojanovska, PhD |
| Проф.д-р Глигор Бишев (Р.С. Македонија) | Prof. Gligor Bishev, PhD |
| Доц.д-р Васко Шутаров (Р.С. Македонија) | Assist. Prof. Vasko Shutarov, PhD |
| Проф.д-р Мадалина Теодора Андреи (Романија) | Prof. Madalina teoora Andrei, PhD |
| Проф.д-р Соња Кироса (Шпанија) | Prof. Sonja Kirosa, PhD |
| Проф.д-р Серџо Чипола (Италија) | Prof. Serdzo Chipola, PhD |
| Проф.д-р Ализа Флејшер (Израел) | Prof. Aliza Flejsher, PhD |
| Проф.д-р Ноам Шовал (Израел) | Prof. Noam Shoval, PhD |
| Проф.д-р Нуриа Елиса Морере Молинеро (Шпанија) | Prof. Nuria Elisa Morere Molinero, PhD |
| Проф.д-р Николас Хурвулиадес (Грција) | Prof. Nicolas Hourvouliades, PhD |
| Проф.д-р Донила Пипа (Албанија) | Prof. Donila Pipa, PhD |
| Проф.д-р Мохамед Фуад (Египет) | Prof. Mohamed Fuad, PhD |
| Проф.д-р Францис Вериза (Мадагаскар) | Prof. Francis Veriza, PhD |

# GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
# FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА


| | |
|---|---|
| Проф.д-р Октавиан Сербан (Романија) | Prof. Oktavian Serban, PhD |
| Проф.д-р Сабина Георги (Романија) | Prof. Sabina Georgi, PhD |
| Проф.д-р Озгур Јерли (Турција) | Prof. Ozgur Jerli, PhD |
| Доц.д-р Жарко Раџеновиќ (Србија) | Assis. Prof. Zarko Radzenovik, PhD |
| Проф.д-р Дарко Димитровски (Србија) | Prof. Darko Dimitrovski, PhD |
| Проф.д-р Драго Цвијановиќ (Србија) | Prof. Drago cvijanovik, PhD |
| Проф.д-р Марија Белиј (Србија) | Prof. Marija Belij, PhD |
| Проф.д-р Андреј Мичовиќ (Србија) | Prof. Andrej Michovik, PhD |
| Проф.д-р Серафима Рочкован (Молдавија) | Prof. Serafima Rochkovan, PhD |
| Проф.д-р Стела Дерменџиева (Бугарија) | Prof. Stela Dermendzieva, PhD |
| Проф.д-р Марта Боровска-Стефанска (Полска) | Prof. Marta Borovska Stefanska, PhD |
| Проф.д-р Јулијана Поп (Романија) | Prof Julijana Pop, PhD |
| Проф.д-р Елена Тома (Романија) | Prof. Elena Toma, PhD |
| Проф.д-р Светлана Станкова (Бугарија) | Prof Svetlana Stankova, PhD |
| Проф.д-р Ирина Лазар (Романија) | Prof Irina Lazar, PhD |
| **Уредувачки одбор** | **Editors** |
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Душица Попова – Уредник | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD - Editor |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |



| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |


# GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
# FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## СОДРЖИНА - CONTENTS


УБЕДУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ СТАВ ВО ПРЕГОВАРАЊЕТО ..... 6

РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ - ЧОВЕКОВО ПРАВО И ОСНОВА ЗА ПРОСПЕРИТЕТЕН И ОДРЖЛИВ СВЕТ ..... 13

ТРЕНДОВИ И ДВИЖЕЊА НА ТРГОВИЈАТА НИЗ ПЕРИОДИ НА РАЗВОЈОТ ..... 21

УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСКИ ВО ТУРИЗМОТ ..... 25

DYNAMIC OPTIMAL TAXATION MIRRLEES' APPROACH: A REVIEW ..... 30

APPLICATION OF MATHEMATICAL MODELS IN ECONOMICS ..... 46

ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ ..... 57

ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И COVID-19 КРИЗАТА ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 67

ИСКОРИСТЕНОСТ НА АТРАКТИВНИТЕ МОТИВСКИ ФАКТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ..... 73

ЕКО-МУЗЕИТЕ - МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР ..... 79

МЕНАЏМЕНТ НА АНИМАЦИЈАТА ВО ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ..... 86

ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СПА И ВЕЛНЕС ТУРИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 92

ПЕРСПЕКТИВИ НА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ..... 99

**UDK** 338.48]:616.98:578.834}:338.246.025.2(497.7
**DOI** https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL2221067m

# ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И COVID-19 КРИЗАТА ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**м-р Климент Арнаудов[1], проф. д-р Данијела Милошоска[2]**

**[1]Факултет за туризам и угостителство, Охрид, kliment_miko@yahoo.com**
**[2]Факултет за туризам и угостителство, Охрид, dancesmilevska@yahoo.com**

**Апстракт**

Светот се соочува со COVID-19 пандемијата која покрај тоа што се одрази врз здравствената состојба на многу луѓе предизвика и кризна состојба во многу економски сектори. Кризата веќе се претвори во шок врз економијата и пазарите на трудот, при што влијае не само на производството на стоки и услуги, туку и на потрошувачката и инвестициите. Сите компании се соочуваат со сериозни предизвици, особено оние во воздухопловната, туристичката и угостителската индустрија, со реална закана од значителен пад на приходите, загуба на работни места и згаснување на бизнисот. По забраните за патувања, затворањето на границите и карантинските мерки, многу работници не можат да стигнат до своето работно место или да ја вршат својата работа, што има домино-ефект врз приходите. Затоа се јавува потребата од низа мерки на политиките на национално и глобално ниво со кои ќе се ограничат директните влијанија на COVID -19 врз здравјето на работниците и нивните семејства, а истовремено и за да се ублажат индиректните економски последици. Чекорите на владите во секоја земја треба да бидат насочени кон закрепнување од првичните ефекти што ги предизвика кризата, односно кон интервенција на најранливите категории на граѓани од една страна, како и стимулација на економијата и санирање на штетите кон бизнис секторот од друга страна. Во овој труд фокусот ќе биде ставен на мерките и правните одредби за одржување минимално ниво на економска активност на туристичките и угостителски претпријатија во Република Македонија, за заштита на работниците во туристичкиот сектор и ублажување на негативните последици од кризата во туристичкиот сектор.

**Клучни зборови:** COVID-19 криза, туристички сектор, легислатива, COVID-19 протоколи, „Safety Travel Stamp" сертификат.

## Вовед

Првичните процени на Меѓународната Организација на Трудот (ILO) укажуваа на значителен пораст на невработеноста и недоволната ангажираност како резултат на COVID-19 пандемијата. Исто така и процените на Светскиот совет за патувања и туризам (WTTC) предвидуваа пад на меѓународните пристигнувања, што беше и потврдено од страна на Светстката туристичка организација при Обединетите нации (UNWTO) според која во 2020 година меѓународните движења опаднаа за 75 %, со што милиони работни места се изложија на ризик (UNWTO).

Затоа чекорите на владите во секоја земја треба да бидат насочени кон закрепнување од првичните ефекти што ги предизвика кризата, односно кон интервенција на најранливите категории на граѓани од една страна, како и стимулација на економијата и санирање на штетите кон бизнис секторот од друга страна. Државната интервенција во Република Македонија откако започна кризата се состоеше од неколку фази, во кои се имплементираа повеќе мерки за ублажување на последиците од кризата. Покрај здравствените мерки, Владатад онесе и редица економски мерки, поделени во четири пакети – сетови (1 сет 19.03.2020, 2 сет 31.03.2020, 3 сет 17.05.2020 и 4 сет 28.09.2020). Тие мерки може да се поделат во мерки кои се индиректно поврзани со туристичкиот сектор (наменети и за други сектори) и мерки кои се директно поврзани со туристичкиот сектор (прв, втор и третпакетмерки).

1. Правната регулатива (мерки) во туристичкиот сектор во однос на состојбата со COVID-19 кризата во Република Македонија

Хетерогената природа на туризмот содржана во самиот негов поим создава прилични тешкотии во поглед на изедначувањето на различните правни сфаќања околу името на правната надградба која таа сложена област на економски односи ја регулира. Свесни сме дека специфичните правни односи во туризмот се проучуваат и во рамките на стопанското право како и во меѓународното стопанско право. Туристичкото право како правна дисциплина ги регулира туристичко-правните односи кои произведуваат правно дејство на национален и меѓународен план. Тоа претставува збир на правни норми кои ја уредуваат организацијата на туризмот во сите негови сегменти и специфичноста и положбата на субјектите во туризмот (Крстаноски, 2002, стр. 14). Предмет на туристичкото право е домашната и меѓународната правна регулатива на специфичните економски односи во областа на туризмот. Со оглед на тоа што туризмот претставува конгломерат на голем број економски односи, со тоа и туристичкото

право навлегува во многу други правни гранки. COVID-19 кризата создаде низа мерки и протоколи пропишани во домашната и меѓународната правна регулатива, а кои мерки добија сила на задолжителност кај туристичките чинители при нивното спроведување.

Како и другите стопански дејности, од COVID-19 кризата беше погоден и сè уште е погоден и туристичкиот сектор. Светската туристичка организација при Обединетите нации (UNWTO) е најзначајната меѓународна организација која го третира секторот туризам и угостителство на глобално ниво, според која се оствари предвиденото опаѓање на туризмот од 65-80 % во 2020 година споредбено со 2019 година, поради COVID-19 кризата (UNWTO). После 73 % пад на меѓународните туристички текови во 2020 година поради COVID-19 пандемијата, побарувачката за меѓународни патувања остана слаба и на почетокот на 2021 година (UNWTO).

Табела. 1 - Месечна промена во проценти на доаѓањето на странски туристи во светот во 2020 во споредба со 2019 година

Table. 1 - Monthly change in the loss of foreign tourists in the world in 2020 compared to 2019

| Регион | Јануари (%) | Февруари (%) | Март (%) | Април (%) | Мај(%) | Јуни (%) | Вкупно (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Европа** | 5 | 2 | -61 | -98 | -96 | -90 | -66 |
| **Азија и Пацифик** | -5 | -51 | -82 | -99 | -99 | -99 | -72 |
| **Америка** | 0 | 3 | -49 | -94 | -93 | -92 | -55 |
| **Африка** | 2 | 1 | -43 | -99 | -99 | -99 | -57 |
| **Блискиот Исток** | 5 | -25 | -45 | -94 | -94 | -94 | -57 |
| **Свет** | 1 | -16 | -64 | -97 | -96 | -93 | -65 |

(извор: https://www.unwto.org/international-tourism-and-covid-19)

Меѓународниот туризам забележа раст од 4 % во 2021 година, повеќе од 15 милиони меѓународни туристички доаѓања (ноќевања) споредбено со 2020 година (415 милиони наспроти 400 милиони). Но, меѓународните доаѓања се 72 % помалку споредено со пред-пандемичната 2019 година. Европа и Америка забележаа најсилни резултати во 2021 година споредбено со 2020 година (+19 % и +17 % соодветно), но сè уште двете 63 % под пред-пандемското ниво (UNWTO). Според UNWTO се проценува губиток од 2 трилиони американски долари во глобалниот Бруто домашен производ и ризик по 100-120 милиони работни места поврзани со туризмот (UNWTO).

Договорот за хотелски услуги е договор со кој давателот на услугата - хотелиерот се обврзува на корисникот да му даде услуга на сместување и други услуги кои го придружуваат сместувањето, пансион, полупансион и др., а корисникот се обврзува на давателот на услугите да му плати соодветен надомест (Крстаноски, 2002, стр. 128). Во услови на оваа пандемија овие договори за хотелски услуги во себе вклучија низа мерки и чекори до кои туристите треба да се придржуваат доколку сакаат да посетат одредена туристичка дестинација, но исто така и мерки и чекори до кои хотелиерите треба да се придржуваат. Но, евидентно е намалувањето на бројот на туристи поради пандемијата, и со тоа намалување на бројот на склучени договори за хотелски услуги.

Табела. 2 - Број на туристи во Република Македонија за периодот јануари-август 2020[39]

Table. 2 - Number of tourists in the Republic of Macedonia for the period January-August 2020

| Месец | Туристи | Намалување на туристи во однос на 2019 (%) | Намалување на домашни туристи во однос на 2019 (%) | Намалување на странски туристи во однос на 2019 (%) |
|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 55 266 | Зголемен за 12.7 | Зголемен за 1.0 | Зголемен за 20.6 |
| **Февруари** | 47 288 | Зголемен за 8.3 | Зголемен за 6.2 | Зголемен за 9.5 |
| **Март** | 17 943 | 67.3 | 60.5 | 70.4 |
| **Април** | 741 | 99.1 | 97.7 | 99.7 |

[39]http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=69&rbrObl=25

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мај** | 838 | 99.2 | 97.8 | 99.7 |
| **Јуни** | 5 210 | 95.6 | 88.9 | 97.9 |
| **Јули** | 75 591 | 56 | 4.8 | 94.9 |
| **Август** | 133 704 | 38.2 | Зголемен за 8.9 | 92.8 |

Табела. 3 - Број на ноќевања во Република Македонија за периодот јануари-август 2020[40]
Table. 3 - Number of overnight stays in the Republic of Macedonia for the period January-August 2020

| **Месец** | **Ноќевања** | **Намалување на ноќевања во однос на 2019 (%)** | **Намалување на ноќевања на домашни туристи во однос на 2019 (%)** | **Намалување на ноќевања на странски туристи во однос на 2019 (%)** |
|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 109 733 | Зголемен за 6.9 | Зголемен за 1.5 | Зголемен за 11.4 |
| **Февруари** | 94 883 | Зголемен за 3.4 | Зголемен за 0.9 | големен за 5.2 |
| **Март** | 17 943 | 62.8 | 50.3 | 69.6 |
| **Април** | 4 690 | 97.2 | 96.1 | 97.8 |
| **Мај** | 4 946 | 97.6 | 96.7 | 98 |
| **Јуни** | 14 179 | 94.6 | 90.1 | 96.6 |
| **Јули** | 436 180 | 36.1 | 6.3 | 93.4 |
| **Август** | 684 719 | 24.3 | Зголемен за 1.1 | 91.3 |

Вршејќи анализа на истражувачката студија „Последователна студија за ефектите врз секторот туризам и угостителство од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата COVID-19, со препораки за справување со економските последици“[41] можеме да забележиме дека пред здравствената пандемија Република Македонија регистрира пораст на посети и ноќевања на странски туристи и тоа за 21 % зголемување на бројот на странски туристи и 11 % на бројот на ноќевања за месец јануари, односно 10 % зголемување на бројот на странски туристи и 5 % на ноќевањата за месец февруари. Периодот кој следува по месец март, односно по прогласувањето на пандемијата, процентуалното намалување на бројот на странски туристи по месеци се движи помеѓу 70 % и 100 % за да се забележи намалување од 82 % на бројот на туристи за периодот јануари – август во 2020-та година во однос на истиот период 2019-та година, додека кај ноќевањата се бележи речиси идентично намалување на бројот на ноќевања кој се движи помеѓу 70 % и 98 % по месеци или намалување од 83 % на бројот на ноќевања за периодот јануари – август 2020-та година во однос на истиот период 2019-та година.

Анализирајќи ја студијата, во која беа опфатени испитаници претставници на хотелите, ресторанite и објектите за исхрана, туристички агенции и рентакар компании, дојдовме до наоди дека COVID-19 кризата не предизвика драстично намалување на бројот на вработените, при што речиси 30 % од испитаниците сметаат дека нема да се намали бројот на вработените (19 % од испитаниците сметаат ќе се намали за 50 %). Она што сите испитаници го очекуваат е дека последиците од COVID-19 силно ќе се одразат врз нивното работење, при што кај 85 % од нив приходот веќе е намален за 50 % споредено со истиот период во 2019 година. Според одговорите на испитаниците во оваа студија, се доаѓа до заклучок дека намалувањето на остварениот приход за време на COVID-19 кризата за 2020 година се движи помеѓу 80-90 %, додека намалувањето на вработените лица за време на COVID-19 кризата изнесува помеѓу 50-70 %. Намалувањето на странските туристи изнесува над 80 %, а намалувањето на домашните туристи во хотелските капацитети се движи над 75 %. Притоа, намалувањето на организирани групи туристи изнесува над 95 %. Забележаното намалување на остварениот приход кај рестораните изнесува 40-50 %, а кај руралните сместувачки капацитети се забележува раст во побарувачката. Намалување на персоналот, кај ресторанite изнесува 10-20 %, а кај руралните сместувачки капацитети не се забележува намалување.

Со цел ублажување на тој удар и задржување низа бизниси и работни позиции, владите на државите ширум светот презедоа низа чекори, па така и Република Македонија. Од мерките кои се директно поврзани со туристичкиот сектор, се следните: Формирање Фонд за туризам; Одложувањето на важноста на туристичките ваучери; Продолжување на важноста на лиценците за вршење угостителска и туристичка дејност; Продолжување на важноста на категоризацијата на објектите за сместување,

[40]Ibid.

[41] https://biznisregulativa.mk/Upload/Documents/posledovatelna%20analiza%20-%20posledici%20vo%20turizam%20i%20ugostitelstvo%20od%20COVID-19.pdf

исхрана и пијалаци; Туристички ваучери за домашен туризам. Покрај овие три пакети на мерки, се предвидува и четврти пакет кој ќе се состои од: Субвенционирање на 50 % од придонесите за вработените во компании од секторите Туризам, Транспорт и Угостителство и други компании погодени од корона вирусот; Поддршка со плати за туристичките водичи; Поврат на туристичката такса за 2019 година за поддршка на секторот Туризам, како еден од најпогодените од кризата; Грантови за туристички агенции од 3 000 до 7 000 евра; Грантови за ресторани за свадби; Продолжување на лиценците за работа на дискотеките, ноќните клубови како и за компаниите од транспортната заедница; Грантови за игротеки за деца; Намалување на стапката за ДДВ за ресторански услуги и служење на храна и пијалаци, со која овие услуги ќе се даночат со нова повластена стапка на ДДВ од 10 % наместо сегашната редовна стапка од 18 % (vlada.mk).

Владата на Република Македонија превзеде мерка на субвенционирањето на 50 % од придонесите за вработените во компании од секторите Туризам, Транспорт и Угостителство и други компании погодени од COVID-19 вирусот. Таа мерка директно е насочена да им помогне на компаниите што остваруваат послаб финансиски резултат во 2020 година како резултат на состојбата со COVID-19 вирусот. Средствата од субвенции на придонеси претпријатијата ќе ги вратат во 2021 година при пресметка на Данокот на добивка за 2020 година, но најмногу до износ од 50 % од остварената добивка пред оданочување (koronavirus.gov).

Друга мерка е поддршката со плати за туристичките водичи, поврат на туристичката такса за 2019 година и грантови за туристи ки агенции од 3 000 до 7 000 евра. Исто така, обезбедени се грантови за туристички агенции од 3.000 до 7 000 евра. Корисници на оваа мерка се 500 туристички агенции, а нејзината вкупна вредност изнесува 1,9 милиони евра за грантови од 3 000 до 7 000 евра за сите туристички агенции во зависност од бројот на вработени и од вкупниот промет во 2019 година, и во зависност од тоа дали се носители на А или Б лиценца.

Владата на Република Македонија изготви низа протоколи за хотелите и ресторание и нивното функционирање во услови на COVID-19 кризната состојба. Ќе наведеме дел од протоколите за хотелскиот дел (прием и сместување) и за ресторанскиот дел: Служењето храна на Шведска маса не е дозволено; Вработените во угостителскиот објект кои послужуваат задолжително носат лична заштита на лицето - маска и зачестено одржуваат хигиена на раце; Не е дозволено послужување на гости на стоење на шанк и стоечки маси; Дезинфицирање на масата и столовите пред секој оброк и по завршување на истиот; Масите да се прекриени со хартиени или најлонски чаршафи за еднократна употреба или ако се користат стандардни чаршафи истите да се менуваат и перат после секој послужен гостин; Масите да не се претходно сервирани (доколку објектот има услови да постави средство за дезинфекција на секоја маса - доколку не, гостите ќе можат да го користат средството за дезинфекција кое ќе биде поставено на влезот од ресторанот според препораките на СЗО); Келнерот е должен да води максимална грижа за својата лична хигиена со заштита на лицето - маска; Растојанието меѓу столчињата од соседните маси да биде од 1,5 до 2 метри; На една маса со четири столици може да седат и да се послужуваат максимум две лица; Засилени внатрешни контроли на вработените лица од страна на одговорно лице за одржување на личната хигиена (често миење раце) во сите фази на подготовка, прием и послужување на храна; Забрането е организирање на музички настани со настап на музички уметници во отворен и затворен дел од објектот (пејачи/музички групи/дицеи), итн.

Како општи препораки пропишани за гостите, Владата на Република Македонија ги пропиша следните: Доследно почитување на упатствата од персоналот во врска со обезбедување соодветно меѓусебно растојание, складирање на багаж и гардероба, начинот на давање услуги, употреба на опрема, користење на тоалети, плаќање за услуги; Треба да се ограничат големи собири, со доследно почитување на соодветно меѓусебно растојание; Внатре во угостителскиот објект за сместување, покрај одржувањето на соодветно меѓусебно растојание за време на епидемија, употребата на лична заштита на лицето – маска за лице или други облици на заштита што ги покриваат устата и носот (шал, крпа или слични облици на заштита) е исто така задолжително; Доследна грижа за хигиената на рацете, со миење со сапун и вода или дезинфекција по допир на какви било нечисти површини; Доколку гостин заболи со треска или знаци на акутна респираторна инфекција, давателот на услуги треба да се јави во дежурната служба на најблискиот здравствен дом. Гостинот треба да чека во изолација и треба да носи лична заштита на лицето - маска. Да употребува само одредени тоалети и мијалници. Епидемиолошката служба што ќе го добие извештајот за потврден случај спроведува епидемиолошка истрага, идентификува блиски контакти и предлага мерки за нив; Просториите каде што се движел заболениот гостин од COVID-19 темелно се чистат и дезинфицираат. Исто така, просториите темелно се проветруваат (koronavirus.gov).

Изготвен е и протокол за обезбедување ПЦР тест за туристи странски државјани со регулиран туристички престој (во мерката број 7 предвидено е спроведување на бесплатни ПЦР тестови за странски туристи кои престојувале во Република Македонија), како и протокол за организирање свадби/прослави и веселби. Испитаниците во погоре споменатата студија укажуваат дека финансиската

поддршка за исплата на плати и придонеси кон вработените е најкорисна мерка на државна помош, а потоа го наведуваат намалувањето на даночното оптоварување. Во однос на прашањето за тоа кои мерки треба да бидат преземени од државата во иднина со цел да се помогне на приватниот сектор, најголемо значење од страна на испитаниците е дадено на субвенционирањето на дел од платите и придонесите, потоа обезбедувањето на бескаматни кредити и кредити за одржување на ликвидноста, субвенционираните тестови за COVID-19 и намалувањето на аконтациите на Данокот на добивка.

Со цел гарантирање на безбедни услови за престој и користење на услуги во угостителските објекти, хотелите, мотелите и автокамповите, Сојузот на стопански комори на Македонија во соработка со Министерството за економија издаде меѓународен сертификат за безбедност „Safety Travel Stamp" односно „Знак за безбеден туризам" (chamber.mk). Со овој меѓународно признат сертификат се потврдува дека објектите во целост ги спроведуваат, почитуваат и практикуваат домашните и светските препораки за превенција и заштита од ширењето на вирусот COVID-19 што создава сигурност кај домашните и кај странски гости. Главната придобивка од воведувањето на овој „Safety Travel Stamp" сертификат е тоа што ќе го поттикне домашниот туризам и ќе ја зголеми довербата за Република Македонија како безбедна дестинација кај странските туристи.

Недостасува тело од највисок ранг кое ќе ги разгледува предложените мерки, студии, проекти од областа на туризмот и кое ќе има овластување за усвојување, верификација на заклучоци и одлуки. Оттаму произлегуваат тешкотиите за надминување на предизвиците во туризмот. Ова владино тело може да дејствува како механизам за изнаоѓање решенија и надминување на пречките за развој на туризмот особено во кризни ситуациии. Конституирањето на Комитет за туризам[42] би значело потврда на заложбите за развој на туризмот и воопшто економијата доколку го земеме предвид потенцијалот на туризмот како индустрија која може да обезбеди повеќекратно зголемување на приходите во буџетот на Република Македонија.

**Заклучок**

COVID-19 кризата изврши големо влијание врз туристичкиот сектор, како на глобално така и на локално ниво. Достапните податоци покажуваат дека меѓународните туристички текови забележаа голем пад во првата четвртина на 2020 година (пад за 22 %), со можни сценарија за годишно намалување помеѓу 60 % и 80 % споредбено со 2019 година, во зависност од пропишаните рестрикции за патување на одредена турситичка дестинација (UNWTO, 2020). Поради таа кризна состојба должност и задача е на владите на државите да потегнат низа мерки со кои ќе ги ублажат или санираат негативните последици од оваа криза.

За таа цел, Владата на Република Македонија изготви пакет мерки и протоколи со правна подлога со цел ублажување на негативните последици од COVID-19 кризната состојба, но и со цел заштита на туристите и вработените во туристичкиот сектор. Несомнено дека тие мерки вродија со извесен плод и овозможија низа туристички претпријатија (хотели, ресторани и туристички агенции) да не згаснат и одредени индивидуални лица да не ги изгубат своите работни места (иако дел од нив настрадаа од кризата). Беа воведени и протоколи за хотелиерите, ресторатерите и општо за гостите посетители на угостителските објекти. Воедно, Сојузот на стопански комори на Македонија во соработка со Министерството за економија издаде меѓународен сертификат за безбедност „Safety Travel Stamp" со цел одржување на туристичкиот сектор во живот, а со кој се потврдува дека објектите во целост ги спроведуваат, почитуваат и практикуваат домашните и светските препораки за превенција и заштита од ширењето на вирусот COVID-19.

Од анализата на истражувачката студија за ефектите врз секторот Туризам и угостителство од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата COVID-19, може да се заклучи дека финансиската поддршка за исплата на плати и придонеси кон вработените е најкорисна мерка на државна помош за туристичките чинители, а како следна може да се наведе намалувањето на даночното оптоварување. Неопходно е и формирање на Комитет за туризам како највисоко тело за туризам кое би помогнало за справување со предизивиците во секторот Туризам и угостителство за времетраење на кризата, но и потоа, како и изработка на одредена стратегија за справување со кризи во областа на туризмот и хотелиерството.

Забележливо е дека кризната состојба, иако во себе содржи низа негативни влијанија, може да предизвика и придвижување на промените и воведување нови и креативни начини со цел поефикасно и поефективно справување со таа состојба. Туризмот и угостителството и тоа како може да бидат носечки

---

[42]Првиот Комитет за туризам во земјата е формиран во 1948 година со Уредба за оснивање Комитет за туризам и угостителство, линк: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/A5D7DF202B7343A0B2D71D94017BEE29.pdf

дејности во пост-ковид периодот и да дадат одреден поттик на економијата на Република Македонија, при што за истото неопходни се владините мерки преточени низ низа правни одредби и мерки, создадени и спроведени според соодветна методологија и укажувања од стручни лица, а кои доследно ќе бидат спроведувани од страна на чинителите во секторот Туризам.

**Користена литература:**


[1] Проф. д-р Крстаноски М., 2002, *Туристичко право*, Скопје;
[2] World Tourism Organization (UNWTO), UNWTO World Tourism Barometer, Issue 18, May 2020;
[3] https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19#collapse50
[4] http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=69&rbrObl=25
[5]https://biznisregulativa.mk/Upload/Documents/posledovatelna%20analiza%20-%20posledici%20vo%20turizam%20i%20ugostitelstvo%20od%20COVID-19.pdf
[6] https://koronavirus.gov.mk/merki/ekonomski-merki/merka-21
[7] https://koronavirus.gov.mk/vesti/218241
[8] https://koronavirus.gov.mk/protokol-hoteli
[9]https://www.unwto.org/impact-assessment-of-the-covid-19-outbreak-on-international-tourism#:~:text=This%20follows%20on%20from%202020,international%20arrivals%20decreased%20by%2073%25.&text=Europe%20and%20the%20Americas%20recorded,%25%20below%20pre%2Dpandemic%20levels.
[10] https://www.unwto.org/covid-19-and-tourism-2020
[11] https://economy.gov.mk/vest/521
[12]https://chamber.mk/sojuzot-na-stopanski-komori-izdava-megjunarodniot-sertifikat-safety-travel-stamp/
[13]https://www.unwto.org/taxonomy/term/347#:~:text=Global%20tourism%20suffered%20its%20worst,World%20Tourism%20Organization%20(UNWTO)
[14]https://www.eunwto.org/doi/abs/10.18111/wtobarometereng.2021.19.1.2?journalCode=wtobarometereng